Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел дневните настани 11.02.2023

На 09 и 10.02.2023, од страна на Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи – Единица за недозволена трговија со дрога на територијата на државата беа спроведени координирани зајакнати активности за откривање на сторители на кривични дела во врска со недозволена трговија со дрога и оружје, при што лишени од слобода се 26 лица. Во акцијата координирана од Одделот за криминалистичка полиција, а реализирана во содејство со Секторите за внатрешни работи извршени се претреси на дом и други простории, и тоа кај три лица на подрачјето на СВР Скопје, кај пет лица - СВР Куманово, кај осум лица во СВР Охрид, кај 10 лица - СВР Битола, кај пет лица во СВР Струмица, шест лица во СВР Велес, шест лица во СВР Тетово и кај 10 лица на подрачјето на СВР Штип. Во активностите се опфатени 53 лица за кои постоеле сознанија дека се инволвирани во шверц со дрога и оружје, а претресите се извршени во 46 куќи и помошни простории, седум станови, пет патнички мотори возила и два деловни објекта во 29 општини и градот Скопје. За време на претресите е пронајдена импровизирана мала лабораторија за производство на марихуана во Белчиште, охридско, ќеса со семки од канабис и тегла со марихуана. Покрај ова, за време на активностите се пронајдени и одземени се: марихуана, хероин, 78 семки од растение, 19 пакувања со прашкаста материја, 18 паковки со грутчеста материја, 150 грама амфетамин, таблетки, шприцеви со течна материја, повеќе дробилки, ваги и млин, четири ловни пушки, три ловни карабини и една воздушна пушка, еден пиштол, гасен пиштол и шест куршуми, 12 патрони, 46 куршуми и 92 куршуми маневарска муниција, седум рамки за автоматска пушка и поголем износ на пари во различни валути и апоени, од кои само при претрес во Кавадарци се пронајдени 178 илјади денари кои потекнуваат од продажба на дрога. Против 19 лица ќе бидат поднесени кривични пријави по член 215, против 6 лица по член 396 од Кривичниот законик, како и два поднесоци по Закон за оружје.

Денеска (11.02.2023) во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акција контрола во угостителски објекти на територијата на цела држава. При контролата, приведени се пет лица од кои три по член 215 од Кривичниот законик каде при преглед кај нив била пронајдена дрога, едно лице поради сторено прекршување на член 80 од Законот за оружје и едно лице поради точење на алкохол на малолетници по член 204 од Кривичниот законик. При тоа констатирани се 70 прекршувања од Законот за угостителска дејност, од кои три за присуство на малолетници по 00.00 часот, две поради пregласна музика...

На 10.02.2023 во 21.30 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода С.Б.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.02.2023 во 19.45 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(32) од делчевско. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Карпош, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.02.2023 во 22.15 часот на подрачје на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Д.Б.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.02.2023 во 11.20 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(40) од Скопје. При претрес во деловен простор на подрачјето на Чаир, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.02.2023 во 13.30 часот во Полициска станица Кичево, Т.Н.(47) од Кичево пријавила дека пред факултет во Кичево била нападната од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (10.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 136 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 10 санкции, 12 санкции за непочитување на брзината на движење, девет за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се четири мерки за возач почетник, три санкции за некористење на сигурносен појас...

На 10.02.2023 во 06.20 часот во Прилеп, на крстосница со кружен тек од ул.„Александар Македонски", ул.„11 Октомври" и ул.„Октомвриска" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „југо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.И.(57) од Прилеп и патничко возило „јети", сопственост на МВР, управувано од полициски службеник, каде сопатник бил полициски службеник. Во незгодата двајцата полициски службеници се здобиле со телесни повреди, констатирани во Градската болница во Прилеп. Увид извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 10.02.2023 во 17.00 часот во Полициско одделение Зајас, Ш.Б.(74) од с.Зајас, кичевско, пријавил дека во с.Зајас бил каснат од куче скитник.

На 10.02.2023 во 16.25 часот во Полициска станица Штип, В.Л.(59) од Штип пријавил дека на ул.„Вељко Влаховиќ" во Штип бил каснат од куче скитник.

На 10.02.2023 во 14.30 часот на подрачје на Шуто Оризари од полициски службеници од СВР Скопје се лишени од слобода Т.М.(41) од Скопје и С.О.(29) од Битола, затоа што кај нив била пронајдена прашкаста материја. Нешто подоцна, во 15.00 часот, С.О. пријавила дека во близина на казино на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната од Т.М.. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 11.02.2023 во 03.15 часот во Полициска станица Крушево било пријавено дека во с.Пресил, крушевско, во куќа сопственост на Џ.А.(34) од с.Пресил, настанал пожар. Според пријавеното, при излегување од куќата неговата мајка Б.И.(66) паднала и се здобила со повреди, по што е пренесена во Медицински центар во Прилеп за укажување на лекарска помош. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Крушево. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Крушево.

На 10.02.2023 во 14.20 часот на локалниот пат с.Желино - с.Палатица, тетовско, од полициски службеници од СВР Тетово е приведен Х.К.(47) од Р.Албанија. По извршена проверка е констатирано дека тој нема пријавено престој во државата. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.02.2023 во 17.50 часот во Полициско одделение Арачиново, М.А. од с.Љубидраг, кумановско, пријавил дека околу 17.00 часот во близина на салон за мебел во с.Арачиново, скопско, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.Т.(20) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 20.07.2022 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 10.02.2023 во 22.21 часот во Полициска станица Кисела Вода, М.Р.(40) од Скопје пријавил дека околу 22.15 часот, пред продавница на подрачјето на Кисела Вода, бил физички нападнат од Г.Ц.(30) од Скопје, кој што го познавал од претходно. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.02.2023 во 23.50 часот во Полициско одделени Шуто Оризари, Џ.П.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Че Гевара" настанал пожар, во кој било опожарено куќиште со кабли на бандера. Повредени лица нема. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 10.02.2023 во 17,30 часот во Полициска станица Кратово е пријавено дека во с.Куклица, кратовско, Ч.М.(62) бил физички нападнат со тврд предмет од Д.И.(59), двајцата од с.Куклица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Ј.Т.(54) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседувања лиценца". На Граничен премин Табановце, при контрола над пријавениот кој управувал патничко возило „,мерцедес" со струмички регистарски ознаки, било утврдено дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз издадена од надлежен орган.

На 10.02.2023 во 15.00 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека пред казино на подрачјето на Кисела Вода, по претходна пријава за агресивно однесување и непочитување на правилата во казиното, Ј.М.(33) од Скопје бил физички нападнат од Н.М.(25) од Скопје, кој бил обезбедување во казиното. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.02.2023 во 15.40 часот во Полициска станица Гази Баба, Б.М.(43) од Скопје пријавила дека на 09.02.2023 околу 17.00 часот, во близина на школски двор на основно училиште на подрачјето на Гази Баба, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(32) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Пријавениот, во текот на 2022 во село Брвеница извршил узурпација на земјиште во државна сопственост, на кое изградил објект без одобрение за градба.

На 11.02.2023 во 08.10 часот во Полициска станица Виница Ж.С.(58) пријавила дека во штала во нејзина сопственост, на место викано „Штипски пат" во Виница, настанал пожар во кој бил опожарен кровот и земјоделски алат. Пожарот е изгаснат, повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од Полициска станица Виница.

На 11.02.2023 во 02.35 часот во Полициска станица Радовиш, О.Л.(29) од Скопје пријавила дека околу 01.15 часот, во близина на казино во Радовиш, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.02.2023 во 02.31 часот во Полициска станица Кисела Вода, Т.Т.(32) од Скопје пријавил дека додека бил на своето работно место во казино на подрачјето на Кисела Вода, бил физички нападнат од Б.Н.(20) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против К.Ц.(21) од село Куклиш, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На автопатот Штип-Скопје, кај населбата „Три чешми", полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, кое го управувал пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, а, исто така, биле затекнати три лица на кои им овозможил користење на марихуана.

На 10.02.2023 во 10.20 часот во СВР Битола е пријавено дека во с.Крушеани, Општина Кривогаштани настанал пожар во куќа, сопственост на Џ.П.(43), лице со здравствени проблеми, во кој целосно е опожарен инвентарот во куќата и кровната конструкција. При увидот, во една просторија пронајдено е безживотно изгорено тело. Пожарот е изгаснат од противпожарните единици од Битола и од Кривогаштани. За настанот е известен Јавен обвинител по чија наредба телото е предадено за одбукција. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на ОВР-Прилеп.

На 10.02.2023 во 14.30 часот во Полициска станица Тетово, И.Р.(34) од Тетово пријавил дека околу 09.40 часот во основно училиште во Тетово неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку негови соученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.